МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА

ВУЗФ
Финанси, застраховане, бизнес, предприемачество и иновации

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Денес, 09.04.2024 г., во град Софија, помеѓу:

1. Универзитетот за осигурување и финансии (ВУЗФ), основан со одлука на 39-тото Народно собрание на Р. Бугарија од 25.07.2002 година, со седиште и адреса на управување: град Софија, улица „Гусла" бр. 1, БУЛСТАТ: 131191259, застапуван од проф. д-р на правни науки Борис Велчев, во својство на ректор, од една страна, и

2. Македонско-Бугарската стопанска комора (МБСК), со седиште на ул. „Борис Трајковски" бр.62, Скопје, ЕМБС 6734189, застапувано од м-р Биљана Митева, Претседател на Комората, од друга страна

се склучи овој Меморандум за соработка („ Меморандумот")

## I. ПРЕДМЕТ

Чл. 1 Страните изразуваат согласност, во услови на трајно партнерство и заемна корисна соработка, да спроведуваат заеднички активности за поддршка на образованието, бизнисот и претприемништвото во Р. Бугарија и Р. Северна Македонија.

Чл.2 Партнерството и соработката помеѓу страните се реализираат преку:

- Поддршка на квалитетот на образованието на студентите и докторантите на ВУЗФ преку организирање јавни презентации на програми и други иницијативи од заемен интерес.
- Размена на информации, знаења, искуства, идеи и добри практики.
- Партнерство во спроведување на студии и истражувања во областа на економијата и менаџментот.
- Заедничка организација и учество на обуки, семинари, конференции, тркалезни маси и други настани.
- Користење и размена на експертиза и лектори.
- Учество во проекти

Чл. 3 Конкретните параметри на соработката помеѓу страните ќе се договорат писмено помеѓу страните за секој поединечен случај.

**II. СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА. РОК. УКИНУВАЊЕ**

Овој меморандум се склучува на неопределено време, почнувајќи од денот на неговото потпишување.

Меморандумот може да биде раскинат во секое време од било која страна, со претходно известување на другата страна.

Страните се обврзуваат да не ги дистрибуираат информациите добиени за време на извршувањето на меморандумот и да ја почитуваат доверливоста.

Овој меморандум е составен и потпишан на бугарски и на македонски јазик во два идентични примероци - по еден за секоја од страните.

**ЗА МБСК:**

…………………………………

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СТОПАНСКА КОМОРА Скопје

**Билјана Митева**

Претседател на МБСК

**ЗА ВУЗФ:**

…………………………………

**проф. д-р по правни науки Борис Велчев**

Ректор